*2.2.3. Малорекански (галички) говор*

*Галичник*

**Како се правит кашкавал**

Кога-ќа-го-'измдзет мл'екото, ќа-го-'исцедит во-една-к'аца и-ќа-му-кл'ает м'аја да-се-п'отсирит. Штом-ќа-се-п'отсирит, ќа-го-ц'едит и-ќа-го-кл'ает н'а-тезгаф во-ц'едило и ќа-му-кл'ает 'озгора т'ешко, за-да-се-'исцедит 'убаво. Ако-се-р'аботат н'аместо, ќа-му-го-пр'едает на-м'ајсторот шо-го-пр'авит кашк'авалот. М'ајстороф ќа-го-пр'егледат сир'ен'ето, ал'-је-фт'асано за-да-се-пр'авит к'ашкавал. Ако-је-фт'асано, ќа-го-изл'ежает во-корито и-ќа-го-р'едит во-к'ошници и-со-сѐ к'ошница ќа-го-в'арит во-к'азан врен'а-вода за-да-се-ст'орит како-т'есто. 'Отује го-изв'аѓает, го-р'едит н'а-тезгаф, го-м'есит и-го-пр'авит како-с'омуни и-го-р'едит во-к'алапи за-да-се-ст'орит кр'авајче. И-таке-ст'оит дв'аесет и-ч'етири с'аати во-кал'апите за-да-се-здр'авит. П'осле го-изв'аѓает од-кал'апите и го-с'олит п'о-мрва и-п'осле с'екој-ден го-потсол''увает и-го-р'едит едно-н'а-друго т'аке с'екој-ден дур-да-се-ст'орит с'едом кр'аваи едно-н'а-друго. Кога-ќа-се-п'осолит 'убаво, го-м'иет со-студен'а-вода и-го-ф'рча и-го-суред'увает едно-п'о-едно, за-да-се-'исушит. Кога-ќа-се-'исушит, п'ак го-собер'увает и-го-наред'увает едно-н'а-друго по-с'едом кр'аваи. Кога-ќа-д'ојет вр'емето за-кр'еван'е ('околу К'рстовден) го-б'ерет во-вр'еќи, по-два-д'енга во-едн'а-вреќа, ја-сош'ивает и-ја-врз'увает со-ј'оже. И-т'аке је-г'отов за-кр'еван'е.

Го-н'осит со-к'оли до-Г'остивар, а-от-т'ујека го-тов'арает в-жел'езница и-го-пр'аќает д'о-Солун. С'о-него 'одит и-трг'овците да-го-прод'авает како-ќа-н'ает. Н'екогаш уше-н'а-место го-прод'авает т'оптан, а-н'екогаш-пак по-н'екол'ку вр'еќи. Ако-не-им-се-пр'одает и-и-ф'ати л'ето, за-да-не-се-р'асипет од-гор'ешчина го-кл'авает во-С'олун во-буз'аана. 'Овије г'один'е кашк'авалоф најп'овеќе го-ј'аделе н'аши луѓе шо-се-во-Ам'ерика, се-н'осел и-во-'Египет, во-Скенд'ерија, з'ашчо го-ј'адет и-Ар'апите.